# Табиба

*Текст:* *Кристина Честер*

*Илустрации:* *Сузан Гилмор*

ВАЖНО!
Илустрациите за овие серии можат да се купат од повеќето канцеларии на МЕД и онлајн продавници. За да најдеш список на канцелариите на МЕД, како и на онлајн продавниците, посети ја страницата www.teachkids.eu/mk и кликни на „Локации“.

МЕД
МИСИЈА ЗА ЕВАНГЕЛИЗАЦИЈА НА ДЕЦА®

Copyright © 2001 European Child Evangelism Fellowship®
Сите права се задржани. Употребено со дозвола. Смее да се умножува за лична, непрофитна и некомерцијална употреба.
За комплетните детали во врска со правата посети ја страницата www.teachkids.eu/mk

# СОДРЖИНА

Далеку од дома .... 5

Повикана по име .... 10

Во Божјото училиште .... 14

Пишување за Бог .... 18

Жени и девојки почнуваат да го слушаат Евангелието .... 23

# ВОВЕД

Ова е вистинска приказна за Патриција Сеинт Џонс, англиска болничарка која работела и живеела во северноафриканска земја во 50' тите години.

**Табиба** (Табиба значи "болничарка")

Главната цел на овие лекции е да им се покаже на децата како Господ ги повикува, ги насочува и ги води сите оние кои ја ставаат својата доверба во Него. Тие ќе научат дека Господ има посебна цел за нивните животи и дека Тој е подготвен да им ја открие таа цел. Господ можеби ги подготвува за некоја многу важна служба во иднината.

Децата христијани истовремено ќе бидат охрабрени да ја видат итната потреба на другите деца да слушнат за Господ Исус во нивната татковина и надвор од неа. Тие ќе видат како Господ може да им помогне да им сведочат на деца-муслимани, како и на другите деца на училиште, или додека си играат. Тие треба да покажат особена љубов и внимание спрема децата-муслимани кои ќе ги сретнат. Тие треба да се молат за сите деца кои сè уште не го познаваат Исуса, да бидат љубезни со нив и да бараат можност да им сведочат. Ако започнат таму каде што се сега, тоа може да ги охрабри кога ќе пораснат да работат за Господ дури и во муслиманските земји. Без разлика со која вероисповед се оние кои сè уште не Го познаваат Христос, целта на еден христијанин е секогаш да посочува кон Господ Исус. Тој треба да им биде покажан како жива личност која е единствената што може да спасува и единствената која може да го задоволи секое срце. Истакнувањето на недостатоците во другите религии само ќе ја изјалови, па дури и оневозможи секоја наредна можност да се каже за Христовото учење.

Кога била запрашана како таа ги евангелизирала децата-муслимани, госпоѓицата Сеинт Џонс одговорила дека таа ја употребувала "Книгата без зборови." Наставниците можеби ќе сакаат при рака да имаат една таква книга во индивидуалното советување на неспасените деца, или, пак, да ја употребат во друг дел од часот. Спасените деца би требало да бидат охрабрени да имаат свој личен примерок за споделување на Евангелието со нивните пријатели.

Животот и делото на Патриција Сеинт Џонс можат да бидат употребени да им се помогне на децата да растат во нивното познавање на Господ Исус. Книгите што таа ги напишала за деца треба да бидат достапни за позајмување, исто како и видео филмовите, каде што има можност за тоа. Секоја од книгите има духовна порака што е пренесена на разбирлив и привлечен начин за децата. Тие сите биле употребени од Господ меѓу децата и возрасните ширум светот. Ова би требало да ги охрабри децата креативно да пишуваат за ширење на Божјото царство. Првата лекција и дел од петтата лекција се земени од некои необјавени книги на Патриција Сеинт Џонс со дозвола од издавачот. Многу други информации се добиени од нејзината сестра Хејзел.

**Книги за деца:**

- Тајната на густата шума.
- Таинствениот чамец.
- Стапалките во снегот.
- Четирите свеќи
- Тајната на селската колиба
- Ѕвезда на светлината.
- Победникот.
- Градина на виножитото.
- Каде што започнува реката.

**За 6 до 8 - годишни деца:**

- Фриска мојот пријател
- Другото маченце

Додека се подготвуваше оваа серија на лекции Патриција Сеинт Џонс отиде кај Господ; таа почина на 16 август 1993. "Блажени се оние кои умираат во Господ" (Откровение 14:13). Таа беше многу посебна личност и многу помогна во пишува-њето на овој текст.

Кристина М. Честер

# ДАЛЕКУ ОД ДОМА

Цел: да ја покаже очајната духовна потреба на децата кои не слушнале за Господ Исус.

## Прва слика

Пазарот

Во Северна Африка пазарот беше бучен, немирен и полн со момчиња питачи кои бараа каква и да било храна. Меѓу нив бргу се рашири веста. "Една госпоѓа, Англичанка, дојде да живее во градот и му даде на Силам да јаде кога тој ѝ кажал дека е сираче." Ако сите отидеа и ѝ кажеа дека се сирачиња, без сомнение ќе им дадеше храна и ним. Звучеше премногу добро за да биде вистина!

Мала група парталави момчиња силно затропаа на вратата на Патриција Сеинт Џонс. Некои од нив навистина беа бездомници, избркани од дома и принудени да просат за да има повеќе храна за помалите деца. Медицинската сестра, Англичанката, веднаш отвори и сомничаво ги погледна. Сите изгледаа ужасно нечисто, со подзинати усти и светнати очи гледајќи ја со исчекување. Рацете им беа подадени во положба на просење храна. Нејзиниот арапски јазик сè уште не беше доволно добар, но таа сакаше да започне со медицинска практика и ова можеби беше почеток.

"Влезете," им рече. "Дали сте гладни?" Тие ја убедуваа дека родителите им се мртви и дека цел ден немале ништо за јадење. Сето тоа звучеше многу тажно (иако не беше вистина), и сестрата од Англија, или Табиба, како што ја нарекоа тие, ги одведе на горниот кат, каде што тие се сместија на подот, со скрстени раце и со молбени, ангелски лица.

Момчињата не размислуваа за тоа дека излагале - ако не ги фатат, не е важно, си мислеа тие. На сите ни е лесно да лажеме, ако тоа нè извлече од проблемите или ни помогне да го добиеме она што го сакаме. Библијата ни вели дека тоа не Му е угодно на Бог и дека Тој секогаш знае дека лажеме, дури и ако мислиме дека никој друг не знае.

## Втора слика

Домот на Табиба

Табиба извади леб и сад полн со претходно подготвена храна. Момчињата го исчистија садот за помалку од минута и нивните јасни очи ја пребаруваа собата, забележувајќи ги нештата во нејзината куќа. Табиба не се сомневаше во ништо, бидејќи изгледаа премногу свето за да бидат крадци. На несигурен арапски јазик им раскажа приказна и им покажа слики. Приказната беше за загубена овца која се заглавила во трновита грмушка и за малку ќе ја изедел волк. Овчарот тргнал да ја бара, ја пронашол и ја спасил, ја ставил на рамениците и радосен ја однесол дома. Потоа Англичанката им објасни дека овчарот е слика на некој, наречен Исус, кој можел да ги спаси луѓето од Сатаната и да ги води по патот кон Небото.

Момчињата се смееја со уживање. Им се допаднаа сликите и топлиот сјај на мангалот во средината на собата. Едно момче, Хамид, помисли дека овој Исус мора да е како нивниот пророк Мухамед, бидејќи беше слушнало дека Мухамед е оној кој на луѓето им го покажува Божјиот пат. Тоа не знаеше дека Мухамед е само човек кој умрел пред стотици години. И Господ Исус Христос, исто така, живеел многу одамна, но Тој умрел на крстот за лошите нешта што ние сме ги направиле. Потоа воскреснал од мртвите бидејќи Тој е Бог и сега е жив засекогаш. Тој е **единствениот** кој може да нè спаси од гревовите. Табиба им кажа дека момчињата како Хамид треба да слушнат за Исус, единствениот Спасител.

Другите момчиња повторно гледаа наоколу низ собата и кога им беше речено да си одат дома, Силам тргна кон едно купче лажици. Ја виде својата шанса, бидејќи сестрата ги водеше другите надолу. Тие се туркаа околу неа и ѝ велеа дека отсега натаму таа е нивна мајка и

дека сите ќе дојдат повторно наредниот ден. Ѝ ја бакнаа раката, се поклонија и почнаа да ја благословуваат неа и нејзиното пошироко семејство. Таа беше пресреќна и не забележа дека Ајаши ја искористи мешаницата и темнината на ходникот, истрча зад неа и зеде мало парче сапун од мијалникот, под скалите.

Вратата се затвори зад нив и тие заминаа подрипнувајќи и зборувајќи меѓусебно на глас. Силам и Хајаши беа херои, многу задоволни со себеси. Оваа госпоѓа им даде храна. Следниот ден решија да се преправаат дека не знаат ништо за сапунот и за лажицата.

Момчињата се чувствуваа многу горди и умни што успеаја да ја измамат Табиба. Таа им даде храна, топол дом и убава приказна, но нивните себични срца мислеа само за себе и за тоа што **тие** го сакаа. Дали некогаш се чувствуваш така? Само Господ Исус може да ти помогне да ги ставаш другите на прво место, да им дозволиш прво тие да изберат бисквити или најдобрата улога во училишната драма.

## Трета слика

Хамид повторно размислува

Но Хамид не беше баш радосен и кога другите "сирачиња" се стрчаа да им се придружат на родителите во дувлата кои ги нарекуваа дом, или, пак, да спијат во некој затскриен влез, тој одеднаш го удри брата си Ајаши мразејќи го затоа што тој го украл сапунот. Се скараа на скалите од џамијата бидејќи ноќта беше студена, а единствениот начин да се стоплат без ќебиња беше да се прегрнат. Хамид лежеше буден, размислувајќи за приказната што им ја кажа Англичанката. Пророкот Мухамед беше голем и силен и бараше многу од своите поклоници, како на пример, постење, давање милостина, молитви и аџилак на светите места. Оние кои ги почитуваа неговите правила имаа причина да бидат горди. Но имаше многу мала надеж за малото неписмено момче кое немаше што да даде. Кај тој пастир имаше љубов, кај овцата имаше беспомошност, кои некако не се совпаѓаа со учењето на Куранот, нивната света книга. Затоа реши наредната вечер пак да отиде кај жената, но не да краде, туку да слуша.

*(Повторно употреби ја втората слика)*

Уличните момчиња се вратија следната вечер и толку се навредија кога Табиба ја спомна малата работа со сапунот (не спомна лажици), што таа посака да не го спомнеше тоа. Откако јадоа, таа повторно седна меѓу нив и им зборуваше за гревот, за животот кој не Му е угоден на Семоќниот Бог. Им кажа за чистотата и за радоста на небото, домот каде што живее Бог и местото каде што не може да има грев. "Бог го мрази крадењето, лажењето и нељубезноста. Овие нешта нема да им дозволат на луѓето да одат на небото," им кажа таа. Тие кимаа со главите и ѝ рекоа дека е сосема во право. "Другите момчиња лажат секој ден, а некои и крадат, но ние сме добри, благодарни мали сирачиња и не сме такви." Овие нови лаги дојдоа толку лесно на нивните усни, затоа што им беа станале навика. И повторно нивните умни очи гледаа наоколу низ собата, но таа вечер не зедоа ништо. Знаеја дека таа ќе внимава.

## Четврта слика

Фатени

Еден човек ги чекаше надвор на улицата. Тој беше учител во џамијата, зграда каде што речиси сите луѓе во таа земја одеа да му се молат на Алах. Тие не знаеја за единствениот, вистинит Бог за кого ние читаме во Библијата, за Бог кој ги создал небесата и земјата. Овој учител им помагал на децата да го научат Куранот, нивната света книга, книгата која им зборувала за Алах. Колку е тажно кога ќе се помисли дека овој учител и сите што го слушале него не ја слушнале вистината за вистинскиот Бог и за Неговиот единствен Син, Господ Исус Христос. "Зошто одите таму?" прашал остро. Силам срамежливо одговори: "Таа ни дава храна и ни дозволува да се грееме на нејзиниот оган." "И ни покажува слики и ни кажува

приказни," додаде најмалото момче. "Какви приказни? Кажете ми за тие приказни," остро рече учителот. "За овци и овчар и ни кажува за небото," одговори тоа подготвено.

"Ах!" налутено извика учителот. "Ве учи за англиската религија; таа не знае ништо за патот до небото. Оние кои ја слушаат се на пат кон уништување и ви забранувам повторно да влезете во нејзината куќа. Кој нема да послуша, ќе биде тепан"! И си замина.

Момчињата му се нафрлија на најмалото дете и добро го изнатепаа за неговата будалштина. Тие немаа намера да се откажат од ова новооткриено задоволство и топлина. Силам виде кутија со моливи на нејзината маса и беше решил да украде еден молив. "Ќе чекаме вечер, или две, и потоа пак ќе се вратиме"- решија сите. "Ќе чекаме додека не се стемни и додека не ја затворат продавницата отспротива."

Поминаа три дена и надојдоа поројни пролетни дождови. Ако ризикуваат, ќе добијат храна и топлина, а тие беа навикнати да ризикуваат. Нивниот план беше ваков: кога ќе затвори продавницата, еден ќе тропне, друг ќе чува стража, а останатите ќе бидат скриени зад аглите и по влезовите. Штом ќе се отвори вратата, ќе се втурнат низ неа.

Ајаши (кој беше мал, умен и брз) стражареше, додека Силам истрча напред и тивко тропна. Потоа отрча назад во сенките. Англиската госпоѓа не знаеше што се случува, ја отвори вратата и се изненади кога виде дека улицата е празна. Гледаше наоколу и одеднаш ... беше речиси турната од децата, кои, во темнината, изгледаа како седум мали мокри топчиња од крпи што се тркалаа покрај неа во преминот. Таа беше турната навнатре, а децата ја треснаа вратата, ја заклучија, и седум палави, светнати лица триумфално гледаа кон неа. Изгледаше како да ја заседоа куќата. Отидоа горе, зад себе оставајќи траги од калливи стапалки и се собраа околу разгорениот јаглен барајќи вечера!

## Петта слика

### Раказот за крстот

Бидејќи не се беа појавиле неколку вечери, Табиба повеќе не ги очекуваше, но успеа да најде неколку парчиња леб и меласа. Никогаш порано не беа пробале меласа па уживаа кога јадеа. Откако си ги излижаа прстите, се наместија за да ја слушаат приказната. Сега, кога нејзините поуки се сметаа за опасни и лоши, тоа ги направи уште поинтересни.

Приказната што им ја раскажа таа вечер беше чудна и сите слушаа со широко отворени очи. Кога Табиба заврши со раскажувањето, децата останаа неми и замислени. Човекот наречен Исус, Син на Бог, бил прикован за рацете и нозете на дрвен крст. Тој умрел за да плати за лошите работи кои ги направиле другите луѓе. Тој умрел за гревовите што ги направиле тие момчиња, а и за твоите гревови. Дали некогаш си побарал Господ Исус да ти ги прости гревовите, да живее во тебе и да те промени? Ако ти е навистина жал за направените гревови и побараш да ти ги прости и да те направи нова личност, Тој ќе го стори тоа уште денес. Ако пак сакаш да дознаеш повеќе за ова, дојди и разговарај со мене по часот. Иако овие момчиња беа закоравени и навикнати на страдања, и тие сфатија дека тоа е суров начин да се постапи спрема добар човек. На Хамид му беше жал, иако не разбираше сè. Тогаш светлиот, топол час заврши и тие мораа да се вратат на калливите улици.

Момчињата се спуштија по скалите и Ајаши внимателно ја отвори вратата. Улицата изгледаше тивка и пуста. Сите се измолкнаа по него низ вратата. Во тој момент скокнаа две високи фигури удирајќи со стапови по децата, но тие со ползење, касање и гребење се извлекоа, оставајќи зад себе само куп изветвена облека. Момчињата подоцна решија дека е најдобро да немаат работа со англиската госпоѓа. Решија неколку дена да се однесуваат како посветени муслимани, и се појавуваа во џамијата за лекциите од Куранот, каде што извикуваа навреди за учителката од

странство. Само Хамид беше тажен. Под нечистотијата и грубото однесување, чукаше чувствително, благородно срце. Само тој сакаше да се врати назад, не за она што можеше да го добие, туку бидејќи сакаше да ја види госпоѓата. Иако сите рекоа дека нејзините зборови беа лоши, за него тие звучеа добро и утешно. Во последно време имаше видено толку алчност и грубости што беше уморен од сето тоа, а таа зборуваше за љубезност, вистина и сочувство. Не им кажа ништо на другите, но по неколку ноќи се искраде од заспаниот Ајаши на скалите од џамијата. Се прикриваше под сенките, а сите лоши луѓе беа цврсто заспани, така што тој не сретна никого. Брзо и тивко тропна на вратата од медицинската сестра. Се отвори еден прозорец и се слушна како некој викна: "Кој е?"

Хамид излезе сред улицата и застана под светилката. Таа го препозна, па по неколку минути слезе долу во својата наметка и ја отвори вратата. Повторно тој втрча внатре како исплашен зајак и го затвори резето зад себе. Тогаш ѝ ја фати раката, ја стисна и се насмеа. Вечерва немаше потреба да се преправа - да изигрува сираче или светец. Можеше да биде самиот тој, среќно мало момче кое си најде пријател.

Сестрата го послужи со леб и меласа и, додека момчето јадеше, тоа објасни што се случило и дека на сите им било забрането да доаѓаат кај неа. "Но јас ќе доаѓам," заврши мирно тој. "Ќе доаѓам секоја вечер кога тие ќе заспијат. А сега, кажи ми приказна." Го одржа својот збор и доаѓаше секоја вечер. Никој не знаеше, освен неговиот помал брат Ајаши, кој премногу се плашеше од постариот брат за да го поткаже.

По некое време Табиба ја плати станарината за четири месеци и отиде да помага во друга област. Кога наесен се врати и се пресели во куќа на една улица подалеку од пазарот, тој пак дојде кај неа. Беше малку повисок и поцрн, а главата му беше избричена и прекриена со белези. Инаку, беше истиот, а неговата долга кошула изгледаше како да не била перена од последниот пат кога го виде.

## Шеста слика

Поканата на Хамид

Овојпат, Табиба со себе донесе лекови и бесплатно им ги даваше на оние кои имаа потреба. Тоа ја направи многу популарна. Тоа го охрабри Хамид и тој секојдневно ја посетуваше, околу зајдисонце.

Еден ден тој дојде кај неа, надуен од важност, ѝ се поклони и ѝ рече: "Мајка ми те поканува да ја посетиш во нашиот дом." "Мислев дека си сираче!" зачудено проговори сестрата. Тој не ѝ одговори на забелешката и продолжи: "Кога ќе дојдеш?" "Утре околу два часот попладне. Можеш да дојдеш и да ме земеш."

Откако беа отсутни долго време, родителите на Хамид и Ајаши се вратија во градот и живееја во мала соба на кат. Хамид дотрча до дома и почна да вика: "Доаѓа утре во два часот попладне - да ве посети и да ви раскаже приказни." Мајка му се насмеа: "Се разбира дека нема да дојде. А што ќе правиме со неа ако дојде? Каде ќе седи? Што ќе ѝ дадеме да јаде?"

## Седма слика

Таванската соба

"Можеш да направиш чај. Ќе седи врз палтото на татко ми. Треба да купиш чај и шеќер и да бидеш подготвена за неа," навалуваше Хамид. Наредниот ден, додека мајка му ја мешаше манџата со грав во тркалезен глинен сад кој висеше врз оган од јаглен, мислите ѝ беа прекинати од топот на стапала во дворот. Во собата се појави Хамид, со лице црвено од возбуда, викајќи: "Таа дојде!" Се слушаше шум на скалите и следната минута на вратата се појави лицето на посетителката. Од чудење за момент замолкнаа сите, а потоа сите почнаа гласно да се смеат. Што ќе биде следното што ќе го направи Хамид!

Хамид ја извлече наметката од под татко му, кој остана зачуден и ја посла за да седне неговата пријателка врз неа. На мајка си ѝ нареди да направи чај: со тоа што

имаше единаесет години и беше муслиман имаше "право" да им наредува на жените во семејството. Но, немаше шеќер, бидејќи мајка му не очекуваше дека госпоѓата навистина ќе дојде. Сè беше многу чудно. Шепотеа, нервозно се смееја и се поттурнуваа еден со друг. Изгледаше дека единственото нешто со што можеа да ја послужат е да јаде грав и ’ржен леб со нив. Англичаните сигурно не беа навикнати на таква храна, но немаше ништо друго.

На нивно олеснување, изгледаше дека таа сака грав. Табиба се приближи до софрата и макаше со нив. Штом го јаде нивниот грав, тогаш таа е една од нив. Кога заврши ручекот, дојде големиот момент за Хамид: "Сега слушајте, " извика тој, "и таа ќе ви каже приказни од нејзината книга." Оваа вест се рашири и соседите се собраа на скалите, клечеа наоколу. Некои од нив беа пријателски настроени, некои не.

Таа зборуваше на чуден, туѓ начин кој ги натера сите да се смеат и Хамид сфати дека тие ништо не разбраа. Е па **ќе разберат**! Тој толку многу ги засака овие приказни. Само кога би можело да бидат кажани како што треба и неговото семејство ќе ги засака. Хамид скокна на нозе, се исправи со целата висина и ја подигна раката за тишина.

## Осма слика

Хамид- проповедникот

"Ќе ви кажам за овчарот кој имал сто овци и загубил една." Тој се наведна и почна да ги брои замислените овци. "Тој ја зеде светилката и отиде во планините, и бараше и бараше." Момчето шеташе низ собата, гледаше, ја креваше замислената ламба во воздух. "Слушајте. Ја слуша како вика" (Хамид клекна во ќошот и блееше како јагне). "Волкот штотуку сакаше да ја изеде, но овчарот не се уплаши. Отиде и ја спаси, па ја става на рамениците, радувајќи се."

Семејството и соседите молкум и втренчено гледаа, додека Хамид се движеше низ собата со рамениците поднаведнати од товарот, со рацете подигнати за да ја држи овцата. "Дојдете пријатели, дојдете соседи," викаше тој. "Ја најдов овцата што беше загубена. Ајде да направиме голема веселба и да се веселиме заедно." Лицето му сјаеше и стравот беше заборавен. Тој на своите луѓе им ја проповедаше својата прва проповед! Можеби тој не знаеше многу за Господ Исус, но тој **сакаше** неговото семејство да го знае тоа што и тој го знаеше за овој добар пророк, кој го дал Својот живот за да плати за гревовите на другите. Дали и ние го споделуваме со нашето семејство и нашите пријатели она што сме го научиле за нашиот Бог? Не мора да разбираме **сè** пред да можеме да ја споделуваме "Добрата вест" со другите. Тие навистина имаат потреба да слушнат за Него.

Семејството и пријателите се виткаа од смеење и силно плескаа, но тогаш Хамид се сврте кон посетителката. "Сега," нареди тој, "кажи им што значи тоа." Таа се обиде, доста срамежливо, но интересот на слушателите се намали со завршувањето на приказната. Повеќе никој не слушаше. Наместо тоа, сакаа да знаат зошто е толку висока и колку платила за чорапите!

## Заклучок

Повеќе за овие момчиња можете да најдете во книгата "Ѕвезда на светлината", која ја кажува приказната на друго момче од Северна Африка. Иако заплетот е измислен, поголем дел од таа приказна е вистинит. Табиба го посетуваше тоа момче секоја година, сè додека таа не почина. Сето ова се случуваше во педесеттите години, но и денес е исто така важно да им се однесе Добрата вест на Евангелието на момчињата и девојчињата кои никогаш не ја слушнале. Треба да се молиме за момчињата и девојчињата кои ги учат на религија која не е вистинита. Има многу деца муслимани, дури и во нашата земја, кои Господ Исус, Добриот Пастир ги бара. Моли се многу од нив да Го запознаат и да Му веруваат како на нивни Спасител и пријател. Можеби има деца кои ги познаваш, кои не ја знаат Добрата вест и можеби Бог сака ти да им кажеш за неа.

Што правеше оваа англиска сестра толку далеку од дома, на темен и нечист таван мачејќи се со туѓ јазик? Како дошла на тоа место каде што луѓето не знаеле ништо за вистинскиот и добар Бог? Ајде да се вратиме на почетокот. Дојди следниот пат, па ќе откриеш.



# ПОВИКАНА ПО ИМЕ

Цел: Да се укаже на потребата да се прифати Господ Исус како Спасител, кога ќе слушнеме дека Господ ни зборува.

## Вовед

Дали се сеќаваш на Хамид и на палавите момчиња кои секој ден доаѓаа во куќата на Табиба по храна и приказна од Библијата? Дали се сеќаваш што значи Табиба? Табиба, чие име е Патриција, се обидуваше да го научи многу тешкиот арапски јазик и копнееше да го знае доволно добро за да може да ја споделува Добрата вест за Господ Исус Христос со луѓето од таа Северноафриканска земја. Како се случи тоа, таа да биде толку далеку од дома? Ајде да се вратиме назад, малку по Првата светска војна.

## Прва слика

### Раното пристигнување

"Колку убава количка!" извика таткото. "Дозволи ми да ги прошетам децата додека ти се одмораш." Количката беше доволно голема за во неа да можат да се сместат и Фарнхам и малата Хејзел. Таткото гордо тргна на неговата прва прошетка, туркајќи ја количката со своите деца во неа.

Господин и госпоѓа Сеинт Џонс се вратија од Бразил, Јужна Америка, во Англија само пред неколку дена. Таму многу години беа мисионери. Таму, нештата како детски колички, беа непознати за нерамните улици во внатрешноста на Бразил, каде децата ги носеа на маски, ако не беа доволно големи за да одат. Затоа таткото не беше научен да ги вози децата во количка.

Мајката гледаше како таткото тргнува по стрмната патека во градот покрај морето, каде што престојуваа. Таткото беше зафатен со размислување за други нешта и на врвот од стрмниот рид ја загуби контролата над количката. И тогаш, ох! ... таа летна надолу

по стрмнината. Мајката извика од ужас, а таткото потрча да ја фати. Но, беше предоцна; количката се преврте и двете бебиња беа фрлени во тревата!

За среќа, децата воопшто не беа повредени, но додека гледаше што се случува, кутрата мајка претрпе огромен шок. Толкав шок, што бебето кое го очекуваше одлучи да се роди таа вечер, таму, во гостинската куќа, приближно две недели пред време. И на 5 април 1919, кога штотуку заврши Првата светска војна, Патриција Сеинт Џонс го започна животот кој Бог го имаше испланирано и кој ја одведе во многу интересни делови на светот.

## Втора слика

Растечко семејство

Наскоро семејството Сеинт Џонс се всели во нивниот прв дом во Англија - во улица со куќи изградени од гранит на падината на ридот Малверн. Семејството растеше во истата куќа во која беа и бабата и прабабата - во истата куќа живееја четири генерации. Денес ова се случува многу ретко затоа што помладите луѓе се селат, и постарите луѓе често живеат сами.

Семејството Сеинт Џонс бројно порасна со уште два нови члена. Најмалиот, Џон, беше роден кога Патриција имаше само пет години. Децата не знаеја дека ќе се роди бебе - во тоа време луѓето не зборуваа за тие работи со своите деца. Патриција ја пратија кај нејзината друга баба и ѝ рекоа: " Кога ќе се вратиш дома, ќе имаш нова играчка." "Каква играчка?" сакаше да знае таа. Одговорот беше: "Па, жива. "Многу размислуваше и заклучи дека тоа мора да биде кученце. Тоа ќе биде навистина убава играчка, па одвај чекаше да се врати дома.

Возот влезе во станицата, и заедно со баба ѝ таа тргна од станицата, по ридот, по улицата на која живееше. Таа одеше сè побрзо и побрзо, и сè повеќе размислуваше за новото кученце. "Каде е кученцето?" извика таа кога се втурна во куќата. Но радост, ах радост! Не беше кученце, туку вистинско, живо мало братче. Таа беше толку возбудена, што седна на скалите и плачеше, и плачеше, од среќа!

Како што растеше, Џон ѝ стана многу добар пријател и другар за игра. Дури и кога беше многу мал таа со него си играше училиште. Дали таа се подготвуваше за времето кога ќе го заврши училиштето? Бог ги употребува сите искуства што ги имаме за да нè подготви за она што сака да го правиме со нашите животи. Дали некогаш си помислил што сака Бог да направиш со твојот живот?

## Трета слика

Забава на ридот Малверн

Семејството живееше на северната страна на ридот Малверн. Таму имаше градски часовник и рудник за гранит кој се употребуваше за изградба на многу домови и ѕидови во градот. Издигнати над куќите беа зелените падини на ридовите каде често пати, на ниската трева, меѓу златните грмушки, пасеа зајаци и овци. Посетителите во тоа време можеа да изнајмат магариња, со кои можеа да се искачат по кривулестите патеки до врвот на највисокиот рид. Оттаму можеше да се гледа надалеку - дури до Велшките планини, од една страна, и реката Северн, од другата. Децата на Сеинт Џонс уживаа да ги фаќаат и да ги јаваат магарињата кога тие беа пуштени на пасење. Патриција се сеќаваше дека тоа често завршувало со паѓање преку главата на магарето во трновите грмушки!

Кога таткото бил дома тој ги носел децата на многу долги прошетки - сè до реката Северн во која оделе да пливаат. Дури и кога биле многу мали, оделе по околу 15 километри во еден правец! Дали Бог го употребуваше ова за да ги подготви децата за она што го подготвил за некои од нив во иднината? Оделе, исто така, и на долги прошетки по ридот Малверн, палејќи оган и печејќи колбаси. Децата Сеинт Џонс ги пронаоѓале првите диви цвеќиња, барале гнезда на птици. Ги береа малите, бледи диви нарциси во полјаните зад јужниот дел на ридовите. Потоа, внимателно ги пакувале и ги праќале по пошта

до една медицинска мисија во источниот крај  на Лондон, за да им ги дадат како подарок на луѓето кои живееле во срцето на градот и кои ретко можеле да видат вистински цвеќиња.

Како дете, таа својата љубов кон природата ја искажала во многу од нејзините песни. Таа започнала со пишување уште како малечка. Подоцна, пишувањето стана важен дел од нејзината служба за Бог. "Пролет на Малверн" е една од нејзините песни.

"*Кога пролетта го бакнува Малверн*

*ридовите повторно се будат*

*и новородените јагниња играат радосно*

*во полињата со раната роса.*

*Нарцисите кај Димок*

*леко воздивнуваат на ветрецот*

*и темјанушките топло се гнездат*

*под шумските дрвја.*"

## Четврта слика

### Посебни слатки и божикни подароци

Како семејство, можеа да си дозволат многу малку луксуз, бидејќи таткото мисионер немаше голем приход, но на родендените, секое дете можеше да си избере торта, и добиваше подарок. За годишнината од свадбата на родителите, целото семејство отиде во еден мал ресторан кој го водеше христијанин. Седеа на дрвени клупи, порачаа по една чаша лимонада и секој смееше сам да си одбере колаче. Тоа беше како да се на небото, а потоа децата со недели зборуваа за овој настан!

Семјството Сеинт Џонс одеше во блиската мала црква, во која сите луѓе кои ја посетуваа изгледаа стари. Децата Сеинт Џонс беа единствените деца кои редовно одеа таму, па станаа многу разгалени и сакани. Во црквата имаше еден љубезен човек кој секогаш им приредуваше изненадувања. Тој, исто така, за Божиќ, на секое дете од семејството Сеинт Џонс му даваше по една убаво завиткана кутија во која секогаш имаше по пет чоколади! Секој Божиќ, децата почнуваа да се плашат оти тој ќе заборави. Еден декември, на почетокот на месецот, децата разговараа за ова и решија да го пратат Џон, кој тогаш имаше четири години, кај овој господин, за да ја "испита" ситуацијата. Другите деца возбудени гледаа што се случува низ процепот на вратата. "Господине Прајс, ова, лани многу им се радувавме на подароците што ни ги дадовте," го потсети Џон. Тој кажа точно како што го беа научиле другите деца. "Пари, пари," беше единствениот одговор што го даде човекот. Што значеше ова? Дали тој ја разбра поракатa? Децата мораа да чекаат и да видат. Како и да е, кутиите со подароци пристигнаа навреме, по една на секое дете.

## Петта слика

### Неделите секогаш беа посебни

Една недела наутро, семејството Сеинт Џонс отиде в црква, како и обично, но малиот Џон остана дома. Шведската помошничка, која помагаше во чувањето на двете баби, требаше да го донесе во црква подоцна. Откако другите заминаа, Џон ја убеди помошничката дека тој секогаш оди в црква со својот огромен слон чии тркала "квичеа". Колкава беше само радоста на другите деца кога се отвори вратата од црквата и кога влезе Џон, кој одеше меѓу редовите, влечејќи го слонот кој правеше "квик, квик!" Сите деца ги свртеа главите за да гледаат.

Неделите беа посебно радосни денови. Мајката гласно им читаше на децата - знаеш дека во тоа време немаше телевизори и видеа. Радијата беа скапи, а касетофони не постоеја. Можеби за некои деца неделите беа здодевни, но мајката правеше многу, нејзиното семејство да не се досадува. Во неделите таа на децата им дозволуваше да си играат со посебни играчки, дури им даваше да си играат и со коцки. Тоа беше единствениот ден кога децата добиваа слатки и тоа дури после вечерата. Можеш ли да го замислиш тоа? Па и тоа беше

возбудливо. Имаа мали бисквити "букви", па со нив понекогаш "пишуваа" стих од Библијата. По вечерата, целото семејство се собираше околу пијаното и ги пееја своите омилени песни. Убаво е кога можеме неделата да ја направиме поинаква од другите денови од седмицата - да биде ден кога ќе се потсетиме на Бога и на сето тоа што Тој го направил за нас, ден кога можеме да правиме убави работи за другите луѓе.

## Шеста слика

Пријатели мисионери

Едно нешто кое Патриција никогаш не го заборави беше дека во неделите семејството правеше "мисионерски албуми". Тоа беа тетратки во кои, како во албум редеа разгледници и исечоци од списанија. Мајката секогаш имаше поголема количина мисионерски брошури, писма и слики. Многу мисионери од целиот свет одвреме-навреме престојуваа кај нив и тие им испраќаа интересни писма. Ова ги направи тетратките да бидат многу интересни и блиски, бидејќи многу од мисионерите беа пријатели на семејството.

Семејството со радост слушаше за мисионерската работа во многу различни земји од светот. Кога слушаш како Бог дејствува во некоја далечна земја, и кога се молиш за работата на мисионерите во неа, тоа ќе ти помогне да дознаеш дали Бог има планови и за твојот живот-дали Тој сака и ти да отидеш некаде далеку за Него. Ова беше еден начин на кој Бог ги подготвуваше некои од децата Сеинт Џонс за натамошниот живот.

## Седма слика

Повикана по име

Една вечер, мајката на децата им читаше малечка мисионерска книга наречена "Тајната на бисерот". Во оваа книга се зборуваше за едно малечко девојче кое умрело во Кина. Таа најверојатно била ќерка на некој мисионер таму. Девојчето зад себе оставила малечка тетратка во која запишала дека на одредена дата Го примила Господ Исус во нејзиниот живот. Под тоа било запишано "Исаија 43:1: А сега вака вели Господ, не плаши се зашто Јас те откупив, те повикав по името твое; ти си Мој." Мајката многу јасно им го објасни тој стих. Патриција не знаеше што значи "откупен", но подоцна добро се сеќаваше дека отишла во својата спална соба и клекнала на колена. Му кажала на Господ дека нејзиното име е "Патриција Сеинт Џонс" и ако Тој навистина ја вика, тогаш таа сака да дојде и да биде Негова.

Во тоа време Патриција имаше околу 4-5 години. Бидејќи беше толку мала таа не се сеќава колку Бог ја променил како резултат на нејзиното решение - освен дека сиот свет изгледал многу поубаво од порано. Следниот ден таа погледна во грмушките со цвеќиња, кои беа многу повисоки од неа, и тогаш, првпат виде колку се навистина убави.

Патриција секогаш ги сакаше убавините на природата, а посебно цвеќињата. Подоцна, уште како ученичка, таа ја напиша песната "Цветовите во градината"

*"Ако Бог направил цветот да цути*

*да се отвори во пролет*

*во златно и бело и црвено*

*тогаш Тој може сè.*

*И ако Бог го прави ова чудо*

*од замрзната зимска трева,*

*и го предизвика ова воскресение,*

*тогаш јас ќе верувам во Бог."*

## Осма слика

Откупителот

Знаеш ли дека нашиот Татко, Бог, го знае твоето име? Можеби токму сега те вика по име. Го слушаш ли како ти вели дека, иако имаш направено многу лоши работи, Неговиот Син,

Господ Исус Христос, умре за да те откупи? Кога Господ Исус умре на крстот, Тој ја зеде казната што требаше да ја добиеш ти, па сега не мора да бидеш казнет. Ако навистина го знаеш и го разбираш тоа, тогаш можеби Бог те повикува кај Него. Што ќе Му кажеш?

Дали ќе го направиш она што го направи Патриција, да клекнеш и насамо да разговараш со Бог? Кажи Му дека ти е жал за сите гревови што си ги направил, што беа причина за Господ Исус да оди на крстот и да умре наместо тебе. Тогаш кажи Му го на Бог твоето име и замоли Го да ти помогне од сега па натаму да живееш нов и променет живот. Можеби ќе бидеш навистина изненаден кога ќе ги видиш сите нови нешта кои Бог ќе ги направи во твојот живот.

## Заклучок

Што се промени за Патриција, сега, кога знаеше дека Му припаѓа на Бог? Какво мало девојче стана таа? Дојди следната недела за да слушнеш што се случи кога таа тргна на училиште.

## Белешка за учителот

Животот на и околу ридот Малверн е сликовито опишан во првата книга за деца која Патриција ја напиша, "Тајната на Тинглвуд".

За одлична илустрација на Исаија 48:1 и Откупителот, прочитај ја (можеби со децата) кратката книга на Патриција, "Фриска, мојот пријател".



Трета лекција

# ВО БОЖЈОТО УЧИЛИШТЕ

Цел: Да се поучува за важноста да му се дозволи на Бог да ги води сите чекори во нашиот живот.

## Вовед

Табиба, медицинската сестра во Северна Африка, како дете растеше во прекрасно, христијанско семејство. Како мисионер, татко ѝ честопати не беше дома туку во други земји. Патриција од него научи многу за Божјата работа околу светот и за време на среќните неделни попладниња времето го поминуваше правејќи мисионерски албуми. За почеток, имаше сосем обичен живот, а потоа ...

## Прва слика

Малото училиште во Швајцарија

Шшшшшш ... малата санка летна надолу по снежната падина. Врз неа беше Патриција, целата наоблечена поради студот, која одеше кон малото селско училиште. Хејзл и Фарнхам, најголемите деца Сеинт Џонс, и двајцата на скии, беа понапред. Обично беше уште темно кога тргнуваа на училиште, бидејќи тоа започнуваше во 7 часот наутро! Патриција многу сакаше да ја гледа месечината на раното утринско небо и да ја гледа убавината на планините и шумите. Не, сега не беше во Малверн туку во Швајцарија.

Како што често се случуваше во текот на нејзиното детство татко ѝ беше заминал на мисионерско патување во Јужна Америка, па мајка ѝ беше останала да се грижи за семејството кое растеше. Еден ден дојде писмо од една стара пријателка на мајката која живееше во Швајцарија. Во него имаше еден многу возбудлив предлог. "Зошто не ги донесеш децата овде за една година? Имам неколку куќички, па можам да ви изнајмам една за вас!"

И сега семејството беше во Швајцарија, и иако Патриција сега имаше седум години,

ова беше нејзината прва можност да оди на училиште. Пред тоа, во Малверн, една жена доаѓаше кај нив дома за да ги подучува децата на Сеинт Џонсови и неколку други деца од соседството. Тогаш Патриција беше премногу мала, па само седеше под масата. Сега, во Швајцарија, децата учеа не само да зборуваат Француски, туку и многу други работи.

## Втора слика

Работни празници

Училиштето беше прекрасно! Децата никогаш не знаеја кога ќе има празник! Некогаш, ќе отидеа на училиште како и обично, или барем така мислеа, а тогаш учителката ќе погледнеше низ прозорот и ќе речеше: "Прекрасен ден за берење компири. Сите одете си дома и наредните четири недели копајте компири." Децата радосни ќе си заминеа. Другиот празник, косењето сено, траеше шест недели. Сите деца од училиштето одеа дома да им помагаат на своите семјства и да подготват храна за себе и за животните, за долгите, студени зими. Сеинт Џонсови немаа свои животни, но одеа да им помагаат на пријателите.

Друг празник беше кога се собираше огрев за зимата. Ова беше многу важно бидејќи беа потребни многу дрва, кои требаше да се исечат и наредат, готови за употреба кога ќе паднеше голем снег. Големата печка во куќичката требаше да се полни со многу дрва за да им биде топло на сите. Децата Сеинт Џонс овојпат работеа за себе. Во близина на куќичката наредија голем куп дрва, покриени и заштитени од снегот, готови за употреба кога ќе паднеше првиот длабок снег. Празниците беа работни - но многу забавни!

Навистина си поминуваа многу убаво. "Мислам дека ова беше најубавата година во нашиот живот," забележа Патриција многу години подоцна. Таа се потсетуваше на радоста од санкањето во зима, и волшебството на големото божиќно дрво, украсено со портокали и со мечиња - колачиња. Тука беше и возбудата на пронаоѓањето на првите пролетни цвеќиња кога се топеше снегот. Новите јазици што ги научи ѝ користеа понатаму во животот, како што ќе видиме следниот пат. Бог ги употребува сите настани во нашиот живот за да нѐ направи луѓе какви што сака Тој да бидеме, и да ни помогне да ги правиме работите што Тој сака да ги правиме. Дали некогаш си размислувал, или, си се молел, за ова?

## Трета слика

Училишните авантури

По оваа возбудлива година, секојдневната настава во училиштето Кларендон во Малверн, дома во Англија, можеби изгледаше здодевно, но на Патриција секогаш ѝ успеваше да се забавува. Имаше бестрашна љубов кон авантурите, која ѝ остана низ целиот живот. Еден ден, кога имаше околу 13 години, таа се измолкна низ прозорецот на стрмниот покрив од четирикатната училишна зграда и седна, со нозете пуштени од двете страни на највисоката точка на покривот - и читаше книга! Една преплашена стара госпоѓа која поминуваше покрај училиштето, се втрча во зградата викајќи: "Има девојче на покривот!" Преплашените учители истрчаа надвор за да видат што се случува, прашувајќи се што да прават. Директорката на училиштето, смирено, повика: " Патриција, слегувај долу." Таа ја затвори книгата, се лизна по ќерамидите и влезе низ прозорецот. Кога ја искараа за ова диво однесување, таа одговори: "Ама никој не ми кажа да не правам така!"

## Четврта слика

Мисионерско срце

Патриција и нејзините браќа го основаа клубот "Жешко место", кој се наоѓаше на еден таван. Секој член носеше име според еден од "Витезите на тркалезната маса" на кралот Артур и секој од нив се заколна дека ќе им помага на луѓето во нужда на разни, но тајни начини. Подоцна беше откриено дека Патриција и брат ѝ оделе во тамошниот дом за старци

бездомници кои биле без пријатели. Децата свиреле на виолина, пееле познати песни и давале мали подароци. Освен на виолина, Патриција добро свиреше и на хармоника. Со својата животна љубов спрема мали деца, таа формира група која беше позната како "Неделно училиште во гаража" за децата од соседството. Некои од овие деца беа сè уште во колички. Тогаш, како и сега, бебињата носеа посебно уживање. Таа секогаш планираше еден ден да има свои деца, па дури ги имаше одбрано и имињата, но за жал, човекот за кого сакаше да се омажи беше убиен во војната. Како што одминуваше времето, таа сфати дека тоа не е Божја волја за неа.

## Петта слика

Меѓу жетварите

Во понатамошната подготовка за мисионерска работа, таа со уште некои други, одеше во камповите на жетварите во доцните летни вечери, свирејќи, пеејќи и споделувајќи ја пораката за Господ Исус. На крајот од напорниот жетварски ден, работниците беа задоволни што можат да седнат со своите семејства и да ги слушаат песните и расказите. Од рана возраст таа имаше чуден круг пријатели: бездомници, деца ромчиња, бебиња од соседството и постари инвалиди. Никогаш немој да мислиш дека си премногу млад за да Му служиш на Господ Исус. Ако побараш од Него, Тој ќе ти покаже начини на кои можеш да работиш за Бог. Можеби има постари или болни луѓе на кои можеш да им помогнеш. Можеби можеш да ги охрабриш твоите пријатели да дојдат и да го слушнат евангелието во неделното училиште.

## Шеста слика

Подарокот на мајката

Поминаа многу години, кога Патриција првпат слушна за чудниот подарок кој мајка ѝ Му го дала на Бог.



Во тие денови, богатите госпоѓи-христијанки имале мисионерски состаноци во нивните убави дневни соби. Поканувале мисионер-говорник за да им каже за неговата христијанска работа во други земји. Тогаш од слушателите се барала поддршка со молитва и финансиски дарови. Госпоѓите седеле во овие убави домови и на крајот од состанокот излегувале напред, ги давале своите бисери, прстени и друг накит како дарови кои можеле да бидат продадени, а потоа парите употребени за мисионерска работа.

Госпоѓа Сеинт Џонс никогаш немала отповеќе пари, но секогаш имала интерес за она што Бог Го прави во различни делови од светот. Еден ден беше поканета на состанок каде еден човек зборуваше за работата во Јапонија и на крајот, богатите госпоѓи почнаа да одат напред со своите дарови. Мајката на Патриција седеше таму без ништо за давање. " Само кога би имала нешто вредно да дадам," натажена мислеше таа. Одеднаш, како глас да прозборе во неа: "Што е најскапоценото нешто што го имаш?" Таа одговори: "Моите три деца" - другите сè уште не беа родени. Таа стана и рече: "Моите три деца; ги давам моите три деца за Божја служба, ако Тој ги води."Тоа беше чудесен дар! Во тие денови, кога мисионерите одеа во странство, не се враќаа - тоа беше за цел живот. Тие три деца беа сè што имаше таа - другите се родија подоцна.

(Тие три деца навистина станаа мисионери во далечни земји - Хејзел, најстарата, стана учителка во Бејрут, Либан и подоцна стана директорка на училиштето; Фарнхам стана доктор и раководеше со болница во Северна Африка, а Патриција - па, веќе знаеме каде отиде таа.)

Патриција не знаеше за оваа молитва на мајка ѝ сè до многу подоцна, но таа и брат ѝ многу зборуваа за служење на Бог во далечна земја. Решија заедно да бидат мисионери. Низ нивниот дом минуваа многу мисионери, некои само за јадење, а други на подолго време. Сите тие кажуваа возбудливи приказни за тоа што се случува кога го следиш Божјото водство во животот.

## Седма слика

Избори што мораме да ги направиме

Како требаше Фарнхам и Патриција да се подготват за работа за Бог во далечна земја? Тие Го запознаа и Го засакаа Господ Исус и почнаа да Му служат во малечки нешта. Знаеја дека во друга земја ќе биде поинаку, дека на туѓ јазик ќе се обидуваат да им зборуваат на луѓе кои можеби нема да сакаат да слушаат за Господ Исус.

Како би се подготвил ти? Бог го води секое од Своите чеда на поинаков начин. Треба да разговараме со Бог за секој чекор во нашите животи: што сака Тој да правиме, кои предмети да ги учиме на училиште, какво понатамошно школување да одбереме. Него го интересираат нашите активности: дали ќе им се придружиме на извидниците, дали ќе се запишеме во некој клуб, дали ќе сме редовни на детски час во црквата, дали земаме часови по музика. Сето ова Му е важно на Бог. Твоите пријатели Му се важни, исто така. Дали овие пријатели ти помагаат да бидеш подобар христијанин, или те водат на лоши патишта? Особено важна е личноста со која ќе решиш да стапиш во брак кога ќе пораснеш. Дали ќе запомниш да разговараш со Бог за овие работи?

## Осма слика

Во Лондон на обука за медицинска сестра

"Ако одам како мисионерка со Фарнхам, тогаш треба и јас да се подготвам," си мислеше Патриција. Таа го заврши образованието во Кларендон, а Фарнхам веќе беше во болница во Лондон, за да учи да биде доктор - мисионер. Не помина многу кога таа му се придружи во Лондон. Таа не отиде во истата болница, туку во друга, која беше болница-училиште, во срцето на Лондон. Во 1942 Патриција почна со обуката за медицинска сестра.

За време на нејзината обука беснееше Втората светска војна, а двете болници беа во област каде често се бомбардираше. Тоа беа тешки и тажни времиња, но писмата на Патриција до дома беа полни со хумор и приказни за одредени пациенти. Во една мала книга со песни можеме да видиме дел од грижата што оваа сестра ја имала за нејзините пациенти, млади и стари. Знаеме дека нејзината вистинска желба беше да може да ја споделува својата вера со луѓе кои беа болни и уплашени. Еден дел од својата обука таа помина во локална болница, во едно предградие на Лондон, каде нејзиното знаење на француски и германски беше корисно кога негуваа повредени странски војници, меѓу кои имаше и Полјаци и неколку германски воени затвореници. По многу години, Бог ѝ дозволи да го употреби искуството што ѝ Го даде како на мало дете.

## Заклучок

Колку далеку беше Патриција од мирната околина на ридот Малверн и од мирот и охрабрувањето на семејството околу неа. Но Патриција презеде уште еден чекор со Бог, кон тоа да стане мисионерка, за кое знаеме дека се случи. Каков чекор ќе направиш ти, уште оваа седмица, како послушност спрема Бог, за да те води кон животот што Тој Го планира за тебе? Дали ќе се потрудиш повеќе за предметот што ти е тежок на училиште, а кој можеби ќе ти биде многу потребен во иднината, кога Бог ќе го употреби во Неговиот план за тебе? Или, пак, ќе се спријателиш со некој кој е осамен или болен? Побарај од Бог да ти покаже кој е следниот чекор во Неговата волја за тебе.

## Белешка за учителот

Многу години подоцна сите овие сеќавања беа основата за возбудливата приказна за деца "Богатствата во снегот". Дали си ја прочитал оваа книга, или, пак, си го гледал филмот на видео? Ако не си го направил тоа, направи го и навистина ќе уживаш. Оваа книга е преведена на многу јазици, вклучувајќи ги кинескиот и арапскиот. Една жена од затвор во Данска напишала писмо за да каже

дека ја прочитала книгата "Богатствата во снегот" и потоа поверувала во Исус Христос. Книгата целосно го променила нејзиниот живот. Жената во соседната ќелија го имала истото искуство откако ја позајмила книгата за да ја прочита. И двете се радуваа дека, кога ќе излезат од затвор, ќе можат да живеат сосема нов живот за Господ Исус.



# ПИШУВАЊЕ ЗА БОГ

Цел: Да покаже како Бог може да употреби некој, или сите наши дарови и таленти.

## Вовед

Додека беснееше Втората светска војна, Табиба, Патриција Сеинт Џонс, тивко се подготвуваше за важна мисионерска работа, со тоа што во Лондон се обучуваше за медицинска сестра.

## Прва слика

Пишувањето беше задоволство за Патриција во текот на целиот нејзин живот. На почетокот пишуваше само песни кои секогаш ги губеше - ги праќаше на перење, по џебовите. Беше многу неуредна и честопати ги оставаше под перница. Мајка ѝ ги собираше, а потоа на ќерка си ѝ даде една мала тетратка во која таа многу убаво ги преписа. "Тогаш сфатив дека можеби и вредат нешто."- рече подоцна Патриција. "Го сакав пишувањето, едноставно сакав да ги бележам нештата. Кога имав единаесет години, имав дифтерија и поминав шест недели в болница. Напишав романса за Раундхедс и Кавалиерс, двете армии во Англиската граѓанска војна пред многу стотици години.

Цело време додека беше во Лондон, за време на војната, на Патриција ѝ недостигаа убавините на природата, а посебно ридот Малверн. Нешто од таа тага е запишано во песни напишани во тоа време.

*Трафалгар Сквер*

*"Ја сретнав на Трафалгар Сквер.*

*Мало девојче со селска коса,*

*и очи сини како небото ноќе*

*длабоки како ѕвездена светлина;*

*ја видов како храни гулаби,*

*додека сообраќајот бучи*

*околу споменикот.*

*И во еден миг на улицата*

*видов бели темјанушки на*

*нејзините стапала,*

*а зад неа се подигаа далечни бели ридови*

*над кои виси магливото утринско небо*

*и, скриена од витка на облак*

*една осамена ластовичка пееше гласно.*

*Тој момент ги избрка годините*

*и ме остави да стојам*

*заслепена од солзи.*

Откако се квалификува како медицинска сестра, Патриција не остана да го заврши вообичаениот курс за бабици, со кој ќе научеше како да се грижи за мајките кои очекуваат бебиња. Баба ѝ дома беше многу болна и требаше некој да ја негува, и нејзе тоа ѝ беше доволна причина за да се врати дома. Тогаш таа вистински почна со пишувањето.

## Втора слика

### Приказни за добра ноќ

Нејзината должност како негувателка набрзо заврши и Патриција стана "мајка" за најмалите жители во интернатот Кларендон - главно ќерки од мисионерски семејства. Во тоа време родителите заминуваа во други земји, збогувајќи се од своите деца за околу четири години. За сето тоа време, не можеа да се видат ниту еднаш. Преку ден, на училиштето сè беше во ред. Децата беа ангажирани и среќни. Но навечер, домаќинката честопати ќе најдеше девојче кое плаче зашто ѝ недостигаа родителите.

Патриција сакаше времето за легнување да го направи многу, многу весело. "Кога ќе се облечете и сте готови за в кревет, дојдете во пижами, ќе пиеме какао и ќе јадеме бисквити," ќе им кажеше домаќинката на своите мали пријатели. Девојчињата доаѓаа, заедно со своите мечиња, за да седат околу огнот во нејзината удобна соба и да слушаат додека Патриција им читаше на глас. Читаше долго - сè додека не им се приспиеше. По ова, повеќе немаше плачење. Но, беше многу тешко да се пронајдат корисни и охрабрувачки книги за читање. Во тоа време, единствените книги со христијанска порака беа за деца кои живееле во лоши делови од градот, или, пак, за деца кои умирале од тешки болести. Некои од книгите кои ги читаме, и од филмовите што ги гледаме пред да си легнеме, не се секогаш многу охрабрувачки и корисни. Можеби можеш да ја замолиш твојата учителка, или, пак, некого во библиотека да ти помогне да избереш добра книга за читање пред спиење.

Книгите кои Патриција им ги читаше на нејзините мали девојчиња воопшто не беа охрабрувачки. Затоа Патриција одеднаш реши самата да напише една книга.

Почна да ја пишува "Тајната на Тинглвуд", која беше за Малверн и за местата кои ги познаваше и ги сакаше во нејзиното детство. Мислеше дека најутешно нешто за девојчињата е ако книгата зборува за Добриот Пастир. Кога беше мало дете, таа му помагаше на еден пастир во Малверн. Во библиската приказна, овцата не мора да прави ништо. Само блее, а Добриот Пастир го прави останатото - оди да ја најде и внимателно ја носи дома. Јагнето беше само едно од стотина, не беше многу важно. Малите девојчиња се чувствуваа токму така. Ги имаше триесет, па мислеа дека никоја од нив не е нешто особено.

"Како да им објаснам дека секое едно мало девојченце, е важно и посебно за Добриот Пастир?" се прашуваше добрата училишна домаќинка.

Во "Тајната на Тинглвуд" има една тажна случка, кога Тери Циганчето умира. Барем изгледа тажно за мајката и за пријателите на Тери. Но за Тери, како христијанин, смртта значеше нешто многу подобро за него. Неговото болно тело остана, а вистинскиот Тери ќе биде многу среќен на небото со Бог. Овој дел беше вклучен за спомен на првото мало момче кое

Патриција го негуваше во болницата, а кое умре. Таа нему можеше да му ја каже приказната за Добриот Пастир и тоа беше голема утеха и за двајцата. Дали ти ја знаеш приказната за Добриот Пастир? Дали тој веќе те пронашол?

## Трета слика

### Победничкиот расказ

"Тајната на Тинглвуд" можеби ќе останеше како ракопис во една мала тетратка, ако постарата сестра на Патриција, Хејзел, не беше упорна личност. Хејзел знаеше дека има натпревар за нови автори, кои пишуваат приказни, објавени од здружението на издавачите на детски христијански книги. Таа ѝ предложи на сестра ѝ да ја испрати "Тајната на Тинглвуд", но таа не сакаше да го направи тоа; таа воопшто не беше заинтересирана. Поминуваа денови и недели, но приказната сè уште не беше пратена. Хејзел беше решена. "Повеќе или помалку таа ме затвори во мојата соба," неволно се сеќава авторката. Приказната беше пратена по пошта во последен момент. Резултатот? Да, "Тајната на Тинглвуд" ја доби наградата! Подоцна беше отпечатена и стана "бест-селер". Ова беше првата од долгата листа на многу популарни детски христијански книги. Бог ги употреби овие книги за да им покаже на многу луѓе како да Го запознаат и да Го засакаат Господ Исус - не само деца, туку и возрасни!

## Четврта слика

### Пишување за Господ

Подоцна, училиштето Кларендон се пресели во Северен Велс. Времето поминато таму ѝ ја даде идејата и основата за семејната книга "Градината на виножитото". Еден ден Патриција се качуваше по ридот Ланврст каде има две езера поврзани со поток. Таа таму откри нешто како колиба во пештера -како некој да сакал да живее таму. Тоа ѝ ја даде идејата за дел од заплетот. Еднаш таа помогна при фаќањето на крадец, па и тоа влезе во приказната.



Дали сакаш да пишуваш? Можеби Бог ти дал посебен талент за пишување кој можеш да го употребиш за Него.

Можеш ли да напишеш писмо до некој роднина, како на пример, братучед, или пријател, и да му објасниш како Го запозна Исус и колку прекрасен Спасител е Тој за тебе? Твоето писмо може да е првата алка во веригата, и ќе му помогнеш да поверува во Исус.

Ќе бидеш доволно храбар да спомнеш нешто во една од твоите творби за училиште, можеби да кажеш колку многу Го сакаш Господ Исус? Тоа би бил многу добар начин да ѝ кажеш на твојата учителка дека веруваш во Исус.

Ако можеш да пишуваш поезија, можеш да напишеш мала песна  за некој мисионер, или, пак, за да охрабриш болен или постар човек,.

## Петта слика

### Најпосле во Северна Африка

Приближно една година подоцна, во 1949, Патриција отиде да го побара брат ѝ кој беше одговорен за англиска мисиска болница во Северна Африка. Финансиите за овој нов дел од нејзиниот живот беа задоволени од парите добиени од нејзиното пишување. Работеше во болницата една година и за тоа време почна да учи арапски, многу, многу тежок јазик.

Градот каде што прво работеше беше прекрасно место. Целиот град е високо на рид, со бели куќи по стрмнината. Нејзината соба секогаш беше сончева и насекаде растеа портокали. Таа беше презадоволна од сè. Но, кога отиде во болницата, тоа не беше толку прекрасно место. Ова беше многу одамна, и во таа земја имаше огромна сиромаштија, заразии болести од глад и пregладнетост. Имаше премалку пари и лоши услови.

Бидејќи ова беше мисионерска болница секогаш можеше да се најде време да им се каже на пациентите и на нивните роднини зошто овие англиски доктори и сестри ги

напуштиле своите домови ... за да "одат по цел свет и да го проповедаат Евангелието" - Добрата вест (Марко 16:15). Таму во мисионерската болница имаше многу, многу луѓе кои не беа слушнале дека Господ Исус Христос, Божјиот единствен Син, дојде на земјата за да им го покаже патот кон Големиот Создател, Бог. Не беа слушнале како Господ Исус умре за да ја земе казната за нивните гревови. Ова е Евангелието - Добрата вест - што христијаните ја споделуваа во болницата. Повеќето од болните беа муслимани и, иако веруваа дека Исус бил голем пророк, не веруваа во најважното нешто. Не веруваа дека Тој е Божји Син, Оној кој ги сака дури и нив, Кој е ветениот Спасител за сите луѓе. За нив беше тешко да веруваат во ова, кога нивните религиозни учители им кажуваа нешто друго.

## Шеста слика

Повик кон планините, градовите и селата

Во болницата имаше момче кое имаше ужасна болест на ногата (остеомиелитис) и радоста голема беше кога тоа стана христијанин. Потоа момчето велеше: "Зошто мора да дојдеме дури од планините, за да ја слушнеме христијанската порака?" Во планините, тој живееше во мало, изолирано село без доктор, или сестри. Таму речиси и не беа виделе човек од друга земја. Селаните, муслимани, не сакаа да им дојдат христијани и да живеат со нив. На Патриција ѝ дојде мисла: "Ако на момчето му стане подобро, и ако го отпуштат од болницата, дали треба да одам со него во неговото село? Ќе имам шанса да им ја кажам вистината за Господ Исус."

Муслиманската религија поучува половични вистини, т.е. дека Исус е пророк, но не и Божји Син. Многу е важно да се знае целата вистина, бидејќи само дел од неа може да биде многу опасен. Замисли дека е темна ноќ и дека твојот дом е на третиот кат. Избива пожар, а јас ти кажувам да скокнеш, бидејќи под прозорецот има пожарникари и ќе те фатат. Но не ти кажувам сè. Не ти кажувам од кој прозор да скокнеш и ти скокаш од погрешниот! Ќе умреш. Половичната вистина воопшто нема да ти користи.

## Седма слика

Божјиот посебен повик

На момчето му стана подобро. Патриција и брат ѝ Фарнхам со кола отидоа со него за да го однесат во неговиот дом во планината. Тргнаа многу, многу рано наутро, бидејќи на пладне стануваше многу жешко. Застанаа крај патот за да појадат и мисионерите го искористија времето за да читаат од Библија и да се молат, како што и правеа на почетокот на секој ден. Навистина е многу важно да се поминува време со Бог секое утро. Слушај што сака Бог да ти каже од Библијата и потоа во молитва разговарај со Бог за денот што доаѓа.

Табиба беше започнала секое утро по малку да чита од книгата на Езекиел, и тоа утро стигна до поглавјето каде што пишуваше: "Овците скитаат по сите гори и по високите брегови; Моите овци се распрснати по сета земја, и никој не прашува за нив, нема никој да ги бара." (Езекиел 34:6). Таа запре и повторно го прочита последниот дел. Овците се распрснати и "никој не прашува за нив, нема никој да ги бара!"

Кога погледна угоре, сè што можеше да види беа само ридови во недоглед, долини и мали села. Одеднаш ѝ се чинеше дека тој стих ѝ зборува како самиот Господ Исус. Таа знаеше дека мора да оди горе и да живее во тој град. Таа и Фарнхам разговараа за овој град порано и знаеја дека никој порано не бил таму за да им каже на луѓето за Господ Исус. Таму имаше луѓе, токму како изгубени овци, кои скитаа по тие планини, и Бог сакаше некој да оди, "да праша за нив и да ги бара", и да им ја однесе Добрата вест на Евангелието.

Откако го оставија момчето во неговиот дом со мајка му, Фарнхам и Патриција се вратија во болницата. Кога се врати назад во градот, таа чувствуваше сè повеќе дека треба да оди и да живее и работи во тој мал град горе во планините.

Проблемот беше што таа се грижеше за Фарнхам и што работеше како сестра во болницата. Значи и таму беше потребна. Но, Бог си ги исполнуваше своите планови и наскоро Фарнхам се сврши, а потоа се ожени (и не му беше потребна сестра му да се грижи за него.) Исто така, во болницата дојде друга мисионерка, медицинска сестра. Сега Патриција беше навистина слободна да замине.

Таа учеше арапски јазик од една друга мисионерка, но немаше многу време за тоа, бидејќи по цел ден работеше во болницата. Но, само по една година, таа доволно го научи јазикот за да може да оди во малиот град. Таму остана цели пет години, понекогаш сосема сама.

## Осма слика

Дали Патриција ќе биде прифатена?

Малиот град, опкружен со ѕидини, тогаш беше под шпанска управа и во близина имаше колонија шпански семејства кои живееја таму. Во градот живееја многу малку луѓе од Европа - неколку шпански госпоѓи кои се омажиле за луѓе од таму. Патриција беше првата Англичанка која живееше меѓу ѕидините. Сите луѓе беа мусли-мани. Како ќе се однесуваат спрема неа како странец? Дали ќе сакаат оваа англиска медицинска сестра, христијанка, да живее со нив? Дали ќе може да најде дом? Дали луѓето ќе бидат љубезни и приемни? Дали ќе ја слушаат пораката за Господ Исус? Што мислиш, како би се чувствувал ти во оваа ситуација? Ајде да го дознаеме тоа следната недела.

## Заклучок

Ако си се обидел да му кажеш на твоето семејсто и на пријателите за Господ Исус, дали тоа ти беше лесно или тешко? Дали се молеше за помош и за добра шанса? Ако сакаш помош, можам да ти дадам брошура која можеш да ја употребиш за да ги заинтересираш луѓето. Дојди кај мене после ако сакаш да ти дадам брошура.



## Белешка за учителот

Погрижи се да имаш на располагање соодветни трактати. Сите книги напишани од Патриција не се за деца - некои се за тинејџери, а неколку се биографии за возрасни.

На крајот на часот можеш со децата да направиш еден мал проект врз основа на една од идеите од текстот. Децата можат да работат во парови (можеби поголемо со помало дете). Ќе треба да имаш хартија, разгледници, плика и марки.

# ЖЕНИ И ДЕВОЈКИ ПОЧНУВААТ ДА ГО СЛУШААТ ЕВАНГЕЛИЕТО

Цел: Да се поучува дека Бог секогаш помага кога ќе дојдат проблемите.

## Вовед

Каде ја оставивме Табиба минатата недела? Да, високо во малиот град, во северноафриканските планини. Таа беше единствената Англичанка во град полн со северноафриканци. Како ли се чувствуваше сега, кога ја напушти христијанската болница на крајбрежјето, за да живее на место каде што никогаш порано не живеел ниту еден христијанин?

Таа беше во град каде сите жители веруваа дека Господ Исус бил само пророк, а не вечниот Божји Син. Таа копнееше да ја сподели целата вистина на Евангелието со нив, но дали некој ќе ја слуша? А ако ја слушаат, дали ќе поверуваат?

## Прва слика

### Поучување на уличните момчиња

На почетокот, единствените луѓе кои сакаа да разговараат со Табиба, или, пак, го посетија малиот дом близу до рибниот пазар беа босите, парталави улични момчиња, оние за кои слушнавме на почетокот на нашиот расказ. Овие момчиња доаѓаа за храна и засолниште. Денот го поминуваа питајќи, или некако заработувајќи малку храна, а потоа, кога ќе се стемнеше, ќе пристигнеа на нејзиниот праг. Таа за нив готвеше многу едноставна храна, бидејќи имаше малку пари, малку продукти и малку знаеше за тоа како се готви во нивната земја. Им даваше каша од грав и леб, или маслинки. Што и да беше, го примаа со задоволство. Патриција им зборуваше на несигурен арапски јазик и ги поучуваше со едноставни случки од Библијата. Станаа многу, многу пријателски расположени кон неа.

Но Патриција сакаше да досегне и други со пораката на Евангелието. Сите во таа земја требаше да слушнат дека Господ Исус може да ги спаси од казната што ја заслужуваа за нивните гревови. Како може таа да го направи тоа? Мажите не слушаа поуки од жена, а само на жените и на девојките им беше дозволено да разговараат со неа. Како на медицинска сестра, на Табиба ѝ се пружаа големи можности.

Беше потребно долго време за да започне со медицинска работа, преку кое таа се надеваше дека ќе може да влезе право во околните домови и да разговара со жените. Имаше доктор-шпанец кој два -три пати неделно доаѓаше во малото гратче и бесплатно лекуваше. Но, бидејќи повеќето сопрузи не дозволуваа нивните жени да бидат прегледани од непознат маж, немаше никој да ги лечи овие жени.

Понекогаш, како и Патриција, ќе треба долго да чекаш за да ти се пружи добра прилика за да можеш да им кажеш на своите пријатели за Господ Исус, но ако си трпелив Бог ќе ти го покаже вистинското време.

## Втора слика

### Медицинска работа и веселбата на седмиот ден

Еден ден некое девојче дојде на вратата и рече: "Зухра те бара." Патриција отиде и виде дека се слави "веселбата на седмиот ден" - тоа е седмиот ден откако ќе се роди ново бебе.

Сите во собата јадеа: имаа заклана овца и испечен леб. На забавата присуствуваа многу луѓе. Бебето беше болно и не сакаше да јаде, па на гостите им било кажано да дојдат побргу бидејќи било важно да се направи роденденската гозба пред да умре бебето. Мајката, пак, по секоја цена сакаше нејзиниот мал син да живее, па ја прати слугинката по Табиба, англиската сестра. И таа веднаш дојде.

Кога пристигна во преполнетата соба, Патриција виде дека бебето лежи во рацете на мајка си и умира. Воздухот

беше густ и задушлив во таа просторија без прозорци, замаглена од испарувања од жешко масло, бучна од брборењето на многу жени. Бебето се бореше за воздух, но не умираше од пневмонија, како што очекуваше таа. Беше премногу слабо за да цица и затоа беше дехидрирано, што значи дека умираше од потреба за течност. Табиба направи нешто што сите мислеа дека е многу чудно. Зеде лажичка и чашка. Ги зовре во чамче со вода за да се осигура дека се многу чисти. Тогаш ги употреби за нежно да го нахрани бебето со млеко од сопствената мајка. Семејството стоеше наоколу и гледаше со вџашеност. Патриција се молеше додека работеше. Се молеше за бебето, за мајката и за целото семејство. Пред да си замине ѝ покажа на мајката како да продолжи да го храни бебето на овој начин, додека тоа не стане доволно здраво за да може само да цица млеко.

Тоа беше многу едноставен третман, но за семејството сигурно изгледаше како чудо. Бог ѝ помогна на Табиба да го употреби знаењето од медицината. Ова ѝ отвори врата да почне да работи меѓу жените.

## Трета слика

### Лекција по перење

Табиба во својот мал дом започна со дневна клиника. Таа работеше секое попладне и одвај излегуваше на крај со сите медицински потреби. Сега ѝ беше толку мило што не го заврши курсот за бабици, инаку ќе требаше и да породува жени. Ако требаше да го прави и тоа, тогаш ќе немаше време за да ги поучува жените, момчињата од улица и младите девојки за Господ Исус. Таа дојде да им помогне, но главната задача ѝ беше да им каже на загубените овци за Добриот Пастир Кој ги бараше.

Девојчињата кои просеа доаѓаа наутро на "училиште". Уште една жена дојде за да ѝ помогне на Патриција да го води ова училиште. Девојчињата ги учеа на плетење и шиење. Тие беа ужасно сиромашни. Едно девојче просеше на пазарот за риби и доаѓаше кога ќе собереше доволно храна, со четири реда сардини обесени на неа. Секоја вечер таа спиеше дома со козата. Навистина ужасно смрдеше!

Содеа беше најмалото девојче и таа секогаш се втурнуваше право во скутот на сестрата. Еден ден Патриција ѝ рече на Мфуда, сестрата на Содеа: "Мислиш ли дека можеш да го исперeш фустанот на Содеа? Ако ти дадам парче сапун, ќе можеш ли да ѝ го исперeш фустанот Мфуда?" Мфуда се согласи дека тоа е прекрасна идеја и брзајќи отиде дома. Беше многу студен, дождлив ден. Околу половина час подоцна таа се врати со нејзината мала сестра, која беше облечена во мокриот фустан. "Зошто пак ѝ го облече фустанот?" извика Патриција. "Па зарем мислиш дека има друг?" беше лутиот одговор. Изгледа дека Мфуда го испрала фустанот на сестра ѝ, додека таа го носела врз себе! Се вратија брзо за да ѝ покажат на сестрата што направиле, пред фустанот повторно да се извалка. Патриција пронајде една нејзина постава и горен дел од пижама што му припаѓаше на брат ѝ Фарнхам, и со тоа го облекоа девојчето кое се тресеше од студ. Сите мислеа дека тоа е најновата париска мода!

## Четврта слика

### Глувче на навивање

Пријателите кои знаеја за работата на Табиба, собираа корисни работи, како на пример, облека за деца и дреболии за на часовите во училиштето. Понекогаш праќаа и мали играчки. Тие најверојатно не знаеја што ќе биде најкорисно во Северна Африка. Можеби има работи кои можеш и ти да ги собереш и да ги пратиш до некој мисионер некаде. Но, најпрво пиши му, за да видиш што може да биде корисно.

Еден ден, за време на утринскиот час на девојчињата, Патриција мислеше дека ќе биде забавно да пушти глувче на навивање што ѝ го пратија нејзини пријатели во пакет од Англија. Таа го нави и, додека девојчињата привршуваа со плетењето, малото глувче беше пуштено да трча низ вратата. Тие врескаа и пискаа! Прво мислеа дека е

вистинско глувче и скокнаа врз креветите. По извесно време сфатија дека не е вистинско, но сакаа и понатаму да продолжи да трча: "Ајде пак!" врескаа и скокаа врз креветите. На крајот си отидоа дома.

## Петта слика

### Библиски поуки за жените

Некои од жените почнаа да доаѓаат на посебните средби за Библиски поуки. Обично доаѓаше само мала група. Ова попладне беше преполно - никогаш немало толку многу жени! Табиба беше презадоволна, иако сите дојдоа во различно време (никако не можеше да ги наговори да дојдат сите наеднаш). Таа повторно и повторно проповедаше, како што доаѓаа нови жени - цело време на несигурен арапски јазик. Најпосле им кажа дека ќе се напијат чај. Потоа долго чекаше да си одат дома, но тие само седеа и седеа. По извесно време една жена рече: "Дојдовме да го видиме глувчето." Глувчето! Ах! Затоа дојдоа толку многу тој ден. Потоа доаѓаа со недели по ред. Понекогаш во едно попладне таа имаше седум состаноци. Жените доаѓаа кога нивните сопрузи ќе завршеа со ручекот, и потоа беа слободни. Патриција беше единствената во градот што имаше часовник. Времето воопшто не значеше ништо.

## Шеста слика

### Пронајдена овца

Првата жена која стана христијанка беше многу сиромашна. Била омажена како девојче од дванаесет години за човек кој земал дрога и бил ужасна личност. Нејзиното прво дете, момче, умрело кога таа имала четиринаесет години, а потоа имала уште едно дете, овојпат прекрасно мало девојче. Жената дојде кај Патриција кога девојчето имаше шест години. "Може ли да дојдам и да работам за тебе?" праша таа. Табиба немаше пари да плаќа некого, па и неа самата ѝ недостигаа пари. "Мојот сопруг ги користи сите пари за дрога и ние гладуваме," молеше младата мајка. Имаше потреба од помош - многу луѓе доаѓаа во амбулантата, многу девојчиња доаѓаа на училиште, требаше да се готви и чисти. "Па", рече Патриција, "навистина не можам да ти дадам многу, но ако сакаш да доаѓаш и да го поминуваш денот со мене, со твојата ќерка, тогаш можете и двете да јадете со мене."

Еден ден младата мајка дојде, горчливо плачејќи. "Кога отидов дома, мојот сопруг беше зел сè од куќата и заминал со друга жена," плачеше таа. Продолжи да плаче и да го колне. "Ако е толку лош, зошто си толку вознемирена?" ја праша Патриција. "Не сум вознемирена поради него - туку затоа што мојот сопруг однесе сè од куќата." Патриција можеше да ѝ даде основни работи за да ѝ помогне; но по една недела таа повторно дојде, дури уште поочајна. "Мојот сопруг го зеде моето девојче - да ѝ биде слугинка на неговата нова жена. Таа чека бебе и сака малата секој ден да оди и од изворот да носи вода." Единственото време кога можеа мајката и ќерката да се сретнат беше кога беа на изворот. Малото девојче беше многу слабо, прекриено со рани и беше многу натажено за својата мајка. Во тоа време не можеше да се направи ништо за да ѝ се помогне.

## Седма слика

### Итна молитва

Мајката и Патриција ја читаа Библијата и се молеа заедно секој ден. Еден ден мајката рече: "Ако Бог навистина одговара на молитвите, моли се да ми се врати мојата ќерка." Ох, тоа изгледаше како да се бара нешто неверојатно. Таквото дете вредеше како слугинка онолку злато колку што беше тешко. Тие не можеа ништо да сторат за неа. Но се молеа.

Многу подоцна, веќе беше зима, една вечер, кога Табиба беше во креветот, некој упорно чукаше на предната врата. Таа отвори и некој се втурна внатре. На грбот носеше голем товар. Тоа беше Фатима, а товарот беше нејзиното мало девојче; многу болно мало девојче. Сестрата брзо го стави болното дете во својот кревет и сфати дека тоа има пневмонија.

"Морам да ѝ ја измерам температурата и да ја затоплам," си мислеше таа додека земаше лекови и се погрижи за кутрото мало девојче. Кога најпосле седнаа заедно, Патриција праша: "Кажи ми што се случи?" "Соседот ми кажа дека девојчето ми е болно," рече Фатима, "и јас лежев во креветот и многу мислев за неа. Одеднаш како некој да ми кажуваше да одам кај неа. Мислев дека Исус ми зборува, па и покрај дождот и доцниот час, станав и отидов до куќата на мојот сопруг. Можев да слушнам како детето плаче, па се обидов да ја отворам вратата. Беше отклучено! Се втурнав внатре и застанав, сè додека не сфатив дека детето е само во куќата." Тогаш мајката го подигнала детето на грб и брзајќи се упатила кон куќата на Табиба.

Дури подоцна ја дознале целата приказна. Сопругот отишол на некакво патување по работа. Новата сопруга била многу загрижена бидејќи девојчето било многу болно и си помислила: "Ако детето умре додека мажот ми не е тука, ќе мисли дека јас сум го убила. Ќе биде многу подобро ако и јас си одам оттука." Така, таа го оставила детето на креветот и отишла да ја помине ноќта со мајка ѝ. Си помислила: "Ако детето умре ноќва, едноставно ќе му кажам на маж ми дека не бев таму." Чудно, ама ниту сопругот ниту новата жена никогаш повеќе не прашаа за девојчето. Но оттогаш мајката и ќерката можеа да останат со Патриција. Бог ја слушна и одговори на молитвата на таа кутра мајка на чудесен начин. Бог го употреби ова тешко време за таа млада мајка да ја разбере пораката на Евангелието. Потоа ѝ даде задача да ја врши за Него. Требаше да ја води сестрата по околните села. Бидејќи Фатима беше заедно со таа чудна медицинска сестра од западот, сите доаѓаа во куќата каде што престојуваа тие. Фатима беше прекрасна со децата. Изгледаше како Патриција да си најде сестра во Северна Африка.

## Осма слика

### Проблеми со религиозните водачи

По пет години поминати со луѓето во малиот планински град, Патриција се врати во градската болница. Зад себе остави мала група луѓе кои станаа христијани, иако многу малку останаа верни. Муслиманските водачи им забранија да продолжат да доаѓаат на библиски поуки и им се заканија, ако не ја послушаат оваа наредба. Табиба не можеше да направи ништо повеќе за тие луѓе таму. Но, надвор од градот дојде да живее друг мисионер, кој можеше да продолжи со поуките.

Додека живееше во Северна Африка, Патриција повремено, за летните одмори, одеше дома во Англија или пак во Швајцарија. Дури и кога стана возрасна жена со бела коса, таа сè уште сакаше авантури. Еднаш патуваше заедно со брат ѝ, неговата сопруга и децата со комбе до Англија. Тие возеа низ Шпанија и Франција, навечер спиеја по полињата. Еднаш мораше да се врати дома каде помина девет месеци за да го негува татко ѝ после срцев удар.

Пред владата да ја преземе мисиската болница во 1975 година, Патриција живееше во куќа со некои од ученичките за медицински сестри. Откако владата ја презеде болницата, Фарнхам повеќе не беше одговорен за неа, па со семејството се врати во Англија. Но Патриција остана во Северна Африка, и таму ја негуваше својата стара слаба мајка и мајката на својата снаа. И двете беа премногу стари и болни за да се вратат во Англија. Сите заедно живееја во еден стан, под грижата на Табиба и добрите локални помошници.

## Заклучок

Старите жени умреа, и по 27 години во Северна Африка, Патриција се врати да живее во Англија. Повторно требаше да се грижи за постара роднина, овојпат за тетка ѝ која беше домаќинка во училиштето Кларендон. Таа дојде да живее близу Ковентри со сестра си Хејзл и напиша уште

многу книги. Во истражувањето за нејзините книги, таа уште повеќе патуваше во Африка, на Средниот Исток и во други места. Работата за Бог може да води на многу интересни места.

Додека живееше близу до Ковентри, Патриција водеше клуб за деца во нејзината гаража. Таму децата играа разни игри, но секогаш имаше "Библиски дел" (како што го викаа младите) на крајот од секој состанок. Нејзиниот интерес за децата во светот кои имаат потреби продолжи. Таа помогна да се започне со христијанска група за дејствување наречена "Светска грижа". Од доцните седумдесетти години оваа група испраќа помош за децата бездомници во некои од најсиромашните делови од светот.

Додека ја слушавте приказната за Табиба, дали забележавте како Бог може да употреби некого кој навистина Го сака од детството до стари години? Бог и тебе ќе ти даде возбудлив живот ако навистина Му веруваш и Го следиш. Можеби се прашуваш што испланирал Бог за твојот живот. Зошто не Го замолиш сега да ти покаже, чекор по чекор, како да живееш за Него? Можеби, пак, не си сигурен дека си во Божјото семејство. Табиба докажа дека Господ Исус, Добриот Пастир, менува животи. По часот, побарај ме и ќе ти покажам од Библијата што сака Тој да направи за тебе.